Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 септември 2003 година.

Бр. 07-4505/1
10 септември 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

# З А К О Н
# ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува основањето, организирањето и работењето на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенција).

## ЦЕЛИ НА ЗАКОНОТ

### Член 2

Агенцијата се основа за реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство во Република Македонија и за реализација на други програми донесени од Владата на Република Македонија кои се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство.

## ДЕФИНИЦИИ

### Член 3

(1) Мало стопанство во смисла на овој закон се сметаат правните и физичките лица и тоа:

- трговски друштва кои:

1) имаат помалку од 50 вработени;

2) остваруваат вкупен годишен обрт кој не надминува 1,5 милиони евра во денарска противвредност или вкупен биланс на состојба кој не надминува износ од 1,1 милиони евра изразена во денарска противвредност;

3) се независни во работењето;

4) се најмалку 51 % во приватна сопственост:

- трговци поединци;
- лица кои вршат занаетчиска дејност и
- други вршители на дејност.

(2) Независност во работењето, во смисла на овој член, значи дека учеството во сопственоста на основната главнина, односно правото на глас во субјектот на малото стопанство, на едно или здружени неколку претпријатија, кои самите не спаѓаат во малото стопанство, не надминува 25%.

(3) Независност во работењето постои и кога е надминато учеството од 25% од ставот 2 на овој член во сопственоста на основната главнина, односно правото на глас, во случај кога инвестиционен фонд основан согласно со закон има учество во основната главнина, односно правото на глас во субјектот на малото стопанство, но не повеќе од 49%.

## ПРОГРАМА

### Член 4

(1) За реализација на целите и политиките за поддршка на развојот на малото стопанство и претприемништвото, Владата на Република Македонија на предлог од Министерството за економија донесува Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство (во натамошниот текст: Програма) за период од четири години.

(2) Програмата ќе се раководи од принципите и полињата на активностите утврдени во Европската повелба за мали претпријатија.

(3) Со Програмата се утврдуваат и потребните средства, изворите на средства, роковите и други институции кои учествуваат во нејзината реализација.

## АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 5

(1) Агенцијата има својство на правно лице.

(2) Агенцијата е самостојна во својата работа.

(3) Скратениот назив на Агенцијата е АППРМ.

(4) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

(5) Доколку со работата на Агенцијата се остварат поголеми приходи од расходи, истите ќе се употребат за остварување на задачите на Агенцијата.

## ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА

### Член 6

Предмет на работење на Агенцијата е:

- реализација на Програмата;
- координација и развој на мрежа на институции за поддршка на развојот на претприемништвото и малото стопанство;
- давање поддршка за примена на иновации и воведување современи технологии во малото стопанство;
- учество во реализација на проекти кои обезбедуваат деловна соработка, партнерство и поврзување на економиите во регионот, во ЕУ и пошироко;
- помагање на интегрирањето на малото стопанство во меѓународниот пазар;

- давање поддршка за самовработување, како и за зголемување на вработеноста и едукација на претприемачите за започнување и водење сопствен бизнис;

- создавање и одржување бази на податоци во врска со стопанските субјекти, пазарните потреби, актуелните трендови во стопанството и друго;

- обработка и дистрибуција на пакети информации за различни целни групи-корисници;

- обезбедување информации за закони и други прописи поврзани со започнување и водење сопствен бизнис и

- други работи во врска со поттикнувањето на развојот на претприемништвото и конкуретноста на малото стопанство.

ПРИНЦИПИ НА РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА

Член 7

Основните принципи на работењето на Агенцијата се:

- стручност;
- професионалност;
- транспарентност и
- одговорност за работењето и постигнатите резултати.

СРЕДСТВА ЗА ОСНОВАЊЕ И ВРШЕЊЕ
НА ДЕЈНОСТА

Член 8

(1) Средствата за основање на Агенцијата ги обезбедува Владата на Република Македонија.

(2) Агенцијата може да остварува средства за вршење на својата дејност од следниве извори:

- трансфер од Буџетот на Република Македонија, по претходно донесена годишна програма за работа на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија;
- приходи од вршење на дејноста;
- донации и
- други извори согласно со закон.

(3) Средствата од ставот (2) алинеја 1 на овој член ќе зависат од степенот на остварување на Програмата за работа на Агенцијата во претходната година.

(4) Приходите од вршењето на дејноста од ставот 2 алинеја 2 на овој член, Агенцијата ги остварува согласно со тарифник.

(5) Тарифникот од ставот 4 на овој член го донесува Управниот одбор на Агенцијата.

ОРГАНИ НА АГЕНЦИЈАТА

Член 9

Органи на Агенцијата се Управен одбор и директор.

УПРАВЕН ОДБОР

Член 10

(1) Управниот одбор е составен од пет члена, и тоа претседател и четири члена.

(2) Членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за економија.

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор треба да имаат најмалку три години работно искуство во областа на економијата во последните пет години.

(4) Еден член на Управниот одбор се предлага од Министерството за економија, а четири члена од редот на здруженијата на правни и физички лица од областа на стопанството, деловните банки, донаторите и експертите.

(5) Управниот одбор од редот на членовите именува претседател на Управниот одбор.

(6) Мандатот на претседателот и на членовите на Управниот одбор трае четири години со можност за повторен избор.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

### Член 11

(1) Управниот одбор ги има следниве надлежности:

- донесува статут на Агенцијата;
- се грижи за спроведувањето на деловната политика на Агенцијата;
- донесува програма за работа и развој на Агенцијата;
- го именува и разрешува директорот на Агенцијата;
- ги разгледува и одобрува извештаите за активностите на Агенцијата;
- донесува годишен финансиски план;
- усвојува годишна финансиска сметка на Агенцијата;
- донесува критериуми за избор на институции за соработка во остварувањето на својата функција и врши нивен избор;
- донесува методологија на подготовка и следење на развојните проекти од малото стопанство;
- ги донесува општите акти за организација и систематизација и други општи акти на Агенцијата;
- одлучува во втор степен по поединечните акти од работен однос донесени од директорот на Агенцијата;
- ги утврдува критериумите за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на Агенцијата;
- донесува одлуки за други прашања сврзани со остварување на надлежностите на Агенцијата и врши и други работи утврдени со закон.

(2) На Програмата за работа и развој на Агенцијата од ставот 1 алинеја 3 од овој член, согласност дава Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на Програмата на Владата.

## ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА

### Член 12

(1) Со работата на Агенцијата раководи директор.

(2) Именувањето на директорот се врши преку јавен оглас.

(3) Право на учество на јавниот оглас имаат домашни и странски физички лица, кои ги исполнуваат следниве услови:

- да има завршено најмалку високо образование;
- да има најмалку пет години работно искуство во областа на економијата;
- да има најмалку три години работно искуство на раководно место и
- да има искуство од соработка со меѓународни организации и институции, а странските физички лица покрај условите предвидени во овој закон и Законот за условите за засновање на работен однос со странски државјани, треба да имаат искуство во работа на слични проекти.

(4) Мандатот на директорот трае четири години со можност за повторен избор.

Член 13

Директорот ги врши следниве работи:

- ја претставува и застапува Агенцијата;
- изготвува програма за работа и финансиски план за потребните средства и нивните извори;
- учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој;
- врши усогласување на деловните активности на Агенцијата;
- именува и разрешува работници на работни места со посебни овластувања и одговорности;
- врши и други извршни работи во врска со работата и работењето на Агенцијата;
- ја организира работата на Агенцијата;
- раководи со стручната служба на Агенцијата;
- донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи;
- ги спроведува одлуките од Управниот одбор и
- одлучува и за други прашања утврдени со Статутот на Агенцијата.

Член 14

Директорот одговора за работата и законитоста на работата на Агенцијата пред Управниот одбор.

СТРУЧНА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈАТА

Член 15

Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Агенцијата ги врши стручната служба на Агенцијата.

КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕС

Член 16

(1) Членовите на Управниот одбор и директорот се должни на почетокот на секоја година, да депонираат изјава за постоење или непостоење на конфликт на интереси.

(2) Лицата од ставот 1 на овој член не смеат да учествуваат во донесувањето на одлуки доколку нивната објективност е доведена во прашање заради постоење на заемен интерес со лицата кои аплицираат за реализација на проектите.

(3) За целите од ставот 1 на овој член интересот се смета за материјален доколку членовите на Управниот одбор и директорот остваруваат материјална корист.

(4) Доколку лице од ставот 1 на овој член премолчи постоење на материјален интерес во согласност со овој член, надлежниот суд, на барање на Агенцијата може да го поништи договорот или правната работа.

РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈА

Член 17

Член на Управниот одбор и директорот се разрешува во следниве случаи:

- по истекот на мандатот;
- на негово барање;
- во случај на издржување казна за кривично дело за кое му е изречена казна затвор во траење од повеќе од шест месеци;
- во случај на спреченост поради болест, повеќе од шест месеци по ред;
- кога работи спротивно на овој закон и
- други случаи предвидени со закон.

## СТАТУТ

### Член 18

(1) Со Статутот на Агенцијата поблиску се уредува работењето и организацијата на Агенцијата.

(2) На Статутот на Агенцијата согласност дава Владата на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на Статутот од Управниот одбор.

## ИЗВЕШТАИ НА АГЕНЦИЈАТА

### Член 19

(1) Агенцијата за своето работење и за користењето на средствата поднесува извештај до Министерството за економија најмалку два пати годишно.

(2) Агенцијата за своето работење и за користењето на средствата поднесува детален годишен извештај до Владата на Република Македонија на усвојување.

(3) Годишниот извештај од ставот 2 на овој член се однесува за работењето во претходната година, а се поднесува до 31 март од тековната година.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА МРЕЖА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МАЛОТО СТОПАНСТВО

### Член 20

Агенцијата за реализација на мерките и активностите од Програмата може да воспоставува соработка со институции чиј предмет на работа е поддршка на претприемништвото и малото стопанство, како што се:

- фондации за поддршка на претприемништвото и малото стопанство (регионални центри и ЕСА агенции);
- институции за поддршка на претприемништвото основани од единиците на локалната самоуправа;
- развојни центри;
- центри за трансфер на технологија;
- претприемачки инкубатори;
- еуро инфо центри;
- приватни консултанти и
- други институции и организации за поддршка на претприемништвото и развој на малото стопанство.

### Член 21

Соработката на Агенцијата со институциите од членот 20 на овој закон се воспоставува врз основа на облигационен договор со кој особено се утврдува:

- правата и обврските на договорните страни;
- предметот на договорот;
- начинот на финансирање;
- следењето и процена на остварувањето на резултатите;
- учеството на претставници во управните тела на институциите и контрола.

### Член 22

(1) Реализацијата на проектите финансиски поддржани од Владата на Република Македонија, кои се остваруваат преку институционалната мрежа за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото и со приватни консултанти се врши по пат на јавен повик - тендер, врз основа на однапред поставени критериуми.

(2) Агенцијата врши редовен надзор на реализацијата на проектите и услугите согласно на јавниот повик.

НАДЗОР ВО РАБОТЕЊЕТО

Член 23

Министерството за економија врши постојана и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Агенцијата, како и следењето на интерните политики, правила и процедури за работење.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

(1) Агенцијата почнува со работа со денот на именувањето на членовите на Управниот одбор.

(2) Членовите на Управниот одбор на Агенцијата, Владата ќе ги именува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата и другите средства од Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија - НЕПА - ДООЕЛ-во сопственост на државата, преминуваат во Агенцијата.

(4) Со отпочнување на работа на Агенцијата, вработените од Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија - НЕПА- ДООЕЛ - во сопственост на државата, ги презема Агенцијата, согласно со актите за организација и систематизација.

(5) Одредбата од ставот (3) од членот 8 на овој закон ќе се применува од 1 јануари 2006 година.

Член 25

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".